

# ПОВРЗЕТЕ СЕ БЕЗБЕДНО, ТРАНСФОРМИРАЈТЕ СЕ ДИГИТАЛНО

Паметни повеќефункционални уреди imageRUNNER ADVANCE DX

Canon Europe Ltd.
BLI 2022 A3 Line of the Year

Canon Europe Ltd.
BLI 2022-2024 Most Reliable A3 Brand

Canon uniFLOW Online
Outstanding Cloud Output Management Solution

# СЕРИЈА imageRUNNER ADVANCE DX
# ТРАНСФОРМИРАЈТЕ ЈА ВАШАТА ИДНИНА

**Како ќе изгледа работното место од иднината? Прашањето си го поставуваат сите компании како што поминуваме низ трансформација кон сè похибридни начини на работа.**

Со текот на времето, организациите сè помалку ќе ѝ придаваат важност на локацијата на својата работна сила, а тимовите ќе ги менуваат локациите како што им одговара.

Технологијата ја има клучната улога во хибридниот стил на работа. Сите организации минуваат низ дигитална трансформација што ќе им овозможи на вработените да работат, да се поврзат и да соработуваат без разлика на локацијата.



iR-ADV DX 8700

**Палета уреди за црно-бело печатење**



iR-ADV DX 717/617/527




iR-ADV DX 4800



iR-ADV DX 6780i




iR-ADV DX 6800

Со големите промени во начинот на работење, се менуваат и нашите потреби од уредите за печатење и скенирање.

Пред 10 години, печатачот служеше за создавање физички примероци од документи. Потребата од ова и понатаму е присутна, но за да одговори на денешните хибридни стилови на работа, печатачот мора да има и нови функции коишто ќе му овозможат да функционира како централен уред за работни процеси за печатење и дигитални работни процеси:

За да обезбеди ефективност на хибридните работни процеси, печатачот мора да биде точката во којашто дигиталниот формат преминува во печатен, а печатениот формат се трансформира во дигитален. Печатачот мора да се поврзува непречено со апликациите од работниот простор за да овозможи лесно интегрирање на документите во работните процеси.

Покрај тоа, тој треба да гарантира и безбедност и да ги заштити и најчувствителните информации во која било фаза од работниот циклус на документите.

Серијата imageRUNNER ADVANCE DX на Canon, е создадена да го земе предвид ефективното хибридно работење. Новата серија на паметни повеќефункционални уреди се надоврзува на 3-тата генерација на наградуваната платформа imageRUNNER ADVANCE и се заснова на најновите технологии за обработка и снимање документи, како и на вградените, напредни опции за поврзување со Cloud. Продуктивна, безбедна и поврзана, серијата imageRUNNER ADVANCE DX ја забрзува вашата дигитална трансформација по пат на беспрекорно интегрирање на печатените и дигиталните информации.

**Палета уреди за печатење во боја**



iR-ADV DX C257/C357




iR-ADV DX C3800




iR-ADV DX C478




iR-ADV DX C5800

**ВАЖНА ФУНКЦИЈА**




# ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА ПРОДУКТИВНОСТА

**Со прилагодувањето на организациите на хибридната работна сила, тие го преиспитуваат начинот на користење на канцеларијата, а со тоа и начинот на управување со документите и информациите.**

Голем дел од организациите коишто го воведуваат далечинското работење како долгорочно решение, ќе имаат помалку работници во канцелариите на дневна основа.

Кога работниците ќе бидат физички присутни на работното место, ќе сакаат да работат што е можно попродуктивно. Затоа, во поглед на управувањето со документите, без разлика дали се работи за печатење на брошура или скенирање на договор, на работниците ќе им требаат уреди што ќе бидат брзи, едноставни за користење и ќе поддржуваат ефикасни работни процеси со документи.

Нашите уреди ги нудат најновите брзини на скенирање и печатење за што полесно одвивање на вашето деловно работење.




**Нашите уреди користат автоматско и машинско учење за да им заштедат скапоцено време на работниците.**

Покрај тоа, нашиот софтвер **uniFLOW Online** функционира беспрекорно со напредната технологија за скенирање и им овозможува поголема продуктивност на вработените преку минимизирање на времето поминато во вршење на непотребни задачи. Задачите како именување, избирање на локација за складирање, најавување на трети страни и сериско зачувување се автоматизирани. Нашите уреди користат и машинско учење за да ги запаметат саканите опции за скенирање, печатење и завршна обработка со што вработените го користат уредот многу пократко и не мора да губат време на повторно внесување на информациите потребни за извршување на секојдневните задачи.

Исто така, сите уреди имаат и вградена функција за **OCR (оптичко препознавање на знаци) којашто се заснова на технологијата IRIS** и со којашто се врши автоматска класификација на документите и извлекување на податоци. Потоа, со **софтверот Filing Assist**, функција што е достапна со uniFLOW Online, автоматски се идентификуваат и архивираат скенираните документи.

При дигитизацијата, се извлекуваат информации за скенирањето, како на пример вид на документот или компанијата, коишто може веднаш да се искористат за именување и зачувување на датотеките на соодветната локација во Cloud. Софтверот може да научи да ги препознава деловните документи коишто често се користат за да овозможи побрзо автоматско архивирање во иднина.

Извлечените информации можат веднаш да се вклучат во софтверот за работни процеси, што значи дека вработените ќе трошат помалку време на рачно внесување податоци.

Освен што им заштедува време на вработените, технологијата ја намалува и зачестеноста на грешките преку идентификување на погрешните, непрецизните или неквалитетните податоци при снимањето. Нашата серија е предвидена да биде што полесна за употреба и да понуди доследно корисничко доживување и искуство при користење на интерфејсот, без разлика на уредот којшто го употребувате.

Ова го олеснува процесот на воведување нови уреди за вработените бидејќи нема да мора да учат нова функционалност. Покрај тоа, едноставниот интерфејс им овозможува полесно и побрзо да ги користат функциите.

И за крај, серијата RUNNER ADVANCE DX го поддржува создавањето на ефикасно хибридно работење преку различните опции за поврзување. Уредите се поврзуваат со тековниот софтвер за работни процеси беспрекорно лесно и нудат компатибилност со повеќе видови на јавни платформи Cloud, поради што работниците можат да скенираат и печатат од често користени апликации како Dropbox и OneDrive.

Поради лесната дигитизација, уредите служат како врска помеѓу вработените коишто работат во канцelариите и работниците на далечина, со што се олеснува пристапот до потребните документи, без разлика на локацијата. Серијата е компатибилна со **апликацијата Canon PRINT Business** и **апликацијата uniFLOW Online**, коишто овозможуваат далечинско управување на уредот и избирање на функциите за печатење и снимање без потреба од физичко допирање. На овој начин, работниците можат да печатат и скенираат од кој било уред, без да мора да бидат физички присутни.

Trellix

ВАЖНА ФУНКЦИЈА



# ТРАНСФОРМАЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА И УСОГЛАСЕНОСТА

**Со работењето во ново работно опкружување, се поставуваат и нови безбедносни прашања, особено бидејќи податоците ќе се проследуваат до локации и уреди коишто се надвор од VPN.**

Како уред поврзан во мрежа, печатачот со поддршка за Cloud треба да обезбеди цврста заштита на информациите за да се избегне нивната злоупотреба.

Серијата imageRUNNER ADVANCE DX е опремена со најновиот хардвер, софтвер и услуги од Canon за сигурно снимање.

Многубројните безбедносни функции ќе ви помогнат во заштитата на доверливоста, пристапот и достапноста на вашите податоци во текот на нивниот работен век, без намалување на продуктивноста.

Усогласеноста со законодавството коешто постојано еволуира, вклучувајќи ја и GDPR, станува сè поголем деловен приоритет.

Серијата и услугите ја задоволуваат потребата за физичка и дигитална безбедност, без да го отежнат пристапот на работниците до податоците, информациите и документите што им се потребни при работата.

Тоа значи дека платформата е создадена за да биде безбедна и е опремена со функции за контрола на пристап и проверка на идентитет преку идентификација, безбедни јавни услуги Cloud и оптимизирана безбедност за документи што максимално ги зацврстуваат политиките на уредот и го минимизираат ризикот од загуба на податоци.

Серијата imageRUNNER ADVANCE DX е целосно заштитена од повеќе видови на напади преку проверка на системот при вклучувањето, па сè до заштита од попречување на работата на фирмверот и блокирање на извршувањето на сите неовластени програми. Последната функција е овозможена благодарение на водечкиот оператор на технологии за кибернетичка безбедност Trellix преку **McAfee Embedded Control**. Комбинацијата од овие безбедносни функции ги спречува потенцијалните хакери да ги заобиколат безбедносните механизми на уредите.

Податоците Syslog нудат и безбедносни податоци за уредот во реално време коишто може да се анализираат со моќно решение од трети страни коешто користи докажани индустриски стандарди и ја подобруваат интеграцијата на серијата со користење на некое од **решенијата за управување со безбедносни информации и настани (SIEM)**. Најавата на корисниците со проверка на идентитет на ниво на уреди овозможува безбедно задржување и печатење дури и на задачите што се испраќаат од мобилни уреди благодарение на uniFLOW Online со цел заштита на доверливоста. За да ја спречите неовластената дистрибуција на чувствителни информации, можете да оневозможите одредени функции за дел од корисниците, а визуелните и звучните известувања од софтверот Original Reminder ќе ве известат доколку во уредот останат скенирани оригинални документи коишто содржат чувствителни информации.

Печатењето во улога на корисник-гостин овозможува безбедно ад-хок печатење од мобилни уреди без пристап до мрежата на вашата компанија.
Софтверот uniFLOW Online Express се инсталира стандардно во уредите, но ќе добиете уште поголема контрола доколку го надградите со uniFLOW Online или целосното решение uniFLOW.

**Многубројните безбедносни функции ќе ви помогнат во заштитата на доверливоста, пристапот и достапноста на вашите податоци во текот на нивниот работен век.**

## Дополнителни функции што се вградуваат стандардно во imageRUNNER ADVANCE DX:

- Функцијата за бришење на HDD и SSD ги отстранува заостанатите слики по извршувањето на секоја од задачите.
- Функцијата за форматирање на HDD и SSD ги отстранува и презапишува сите податоци на тврдиот диск по истекот на нивниот работен век.
- Функцијата за шифрирање податоци на HDD и SSD ги заштитува податоците дури и по отстранување на тврдиот диск, а во моментов кај одредени модели е достапен и сертификат FIPS 140-2.
- SMB 3.1.1 (поддржан кај одредени модели) нуди безбедно шифрирање.
- Шифрирано печатење и скенирање и безбедносен воден печат.
- Две мрежи.
- TPM 2.0 за подобра технологија на шифрирање.






**ВАЖНА ФУНКЦИЈА**

# ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА ОДРЖЛИВОСТА

**Одржливоста никогаш не била на повисоко место во агендата на компаниите или работниците. Длабоко веруваме во придобивките што Canon, неговите вработени, производи и услуги може да им ги понудат на потрошувачите и поширокото општество.**

Затоа, во Canon работиме според филозофијата Kyosei - јапонски збор којшто се преведува како „заеднички живот и работа за доброто на сите“. „Доброто на сите“ е дефинирано во Целите за одржлив развој (SDG) на ОН коишто претставуваат работна рамка за Canon за управување со социјалните влијанија и влијанијата врз животната средина.

**Најновата серија imageRUNNER ADVANCE C5800 создава до 18 % помалку CO2 и тежи 20 % помалку од претходникот.**




iR ADV DX C5800




Серијата imageRUNNER ADVANCE DX строго се придржува до овие вредности. Најновата серија **imageRUNNER ADVANCE C5800** создава до 18 % помалку CO2 во текот на целиот работен век на производот, а дизајнот на производите од целата серија ја минимизира употребата на материјали до 20 % во однос на претходникот, серијата imageRUNNER ADVANCE DX 5700.

Покрај тоа, паметната технологија ги оптимизира поставките и го минимизира отпадот, енергијата и употребата на хартија.
На пример, софтверот на уредот ги елиминира празните страници, а зголемената моќ за обработка и опциите за прегледување што ги нуди серијата ја намалуваат потребата од печатење и повторно печатење на важните документи.

Употребата на електрична енергија е сведена на минимум благодарение на напредните режими за мирување коишто спречуваат непотребно користење енергија. Подобрувањето на карактеристиките на топливост на тонерот во последното издание од серијата, т.е. серијата imageRUNNER ADVANCE DX C5800, придонесе за 15-процентно намалување на вредноста на TEC во споредба со претходните модели коишто ја имаат истата брзина на печатење. На овој начин се постигнува поголема брзина на печатење (70 стр./мин.) при истата потрошувачка на енергија како претходниот модел со брзина на печатење од 60 стр./мин.

Напредните работни процеси и аналитика коишто се достапни преку платформата imageRUNNER ADVANCE DX ви овозможуваат да го оптимизирате начинот на печатење со текот на времето, а со тоа и да ги извлечете максималните придобивки од печатењето.

Преку овие функции на серијата, Canon им помага на дигиталните технологии да ги следат модерните организациски вредности, односно да испорачуваат и поддржуваат максимална функционалност, а притоа да имаат позитивно еколошко влијание во работното опкружување.

Насочени сме кон намалување на влијанието на нашите производи врз животната средина во текот на нивниот работен век преку континуираната иновација. Како ваш партнер, ваквите промени ви помагаат и вам да ги остварите целите и вредностите за одржливост на вашата организација.

# ДИГИТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА

**Ви треба решение што е доволно флексибилно за да ја поддржи вашата стратегија за услугите Cloud и софтверот со кој располагате. Решение што ќе функционира веднаш и согласно вашата дигитална трансформација.**

Затоа серијата imageRUNNER ADVANCE DX е потполно интероперабилна со водечките дигитални услуги и други решенија за Cloud од Canon. Софтверот uniFLOW Online Express се вградува во сите уреди од серијата и е подготвен за употреба, а нуди вградени безбедносни функции што спречуваат неовластено ракување благодарение на функциите за проверка на идентитет на уредите, двоначинската проверка на идентитет и ограничувањето на функциите на уредот.

Функциите за напредна аналитика и управување со серијата исто така се испорачуваат стандардно. Уредите се приспособуваат на вашите потреби и лесно можат да се надградат со uniFLOW Online доколку имате потреба од повеќе врски со Cloud, поголема безбедност и функции за известување.

Во дополнителните функции за Cloud се вбројуваат и **услугите за соработка во работниот простор на Canon - автоматизација на процеси (CWC-PA)**, што обезбедуваат лесен, паметен и усогласен начин за управување со важните деловни документи и процеси директно од уредот на Canon, без потреба од примена на сложени ИТ-процеси. Услугите за соработка во работниот простор на Canon – автоматизација на процеси се дел од **услугите за дигитална трансформација (DTS) на Canon** коишто ги обединуваат нашите врвни хардверски делови и софтвери во интегриран екосистем на технологија предвиден да ви помогне со дигиталната трансформација.

Оваа понуда ги комбинира софтверите Managed Print Services (Управувани услуги за печатење) и Workspace Collaboration (Соработка во работниот простор), а последниот вклучува и CWC-PA. Беспрекорната компатибилност на CWC-PA со обемните хардверски и софтверски технологии поврзани преку Cloud им овозможува на компаниите дигитално да го трансформираат управувањето со содржини преку платформата SaaS со целосна поддршка за Cloud.

Интеграцијата со платформи за складирање на Cloud, како што се Box, Evernote, Dropbox и OneDrive, моментално го трансформира снимањето на податоците.

Покрај тоа, автоматизацијата на работните процеси преку Cloud со деловни апликации како Therefore или Concur овозможува беспрекорно вклопување на напредните работни процеси во тековните работни процеси.



**Интеграцијата со платформи за складирање на Cloud, како што се Box, Evernote, Dropbox и OneDrive, моментално го трансформира снимањето на податоците.**

# УСЛУГИ ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА CANON

Унапредете ја вашата дигитална трансформација независно од локацијата од којашто работите со помош на нашите комбинирани услуги и решенија за управување со уредите и информациите предвидени за беспрекорна интеграција на хартиениот и дигиталниот формат.

Услугите за дигитална трансформација коишто можете да ги користите преку Cloud, на самата локација или во хибридно опкружување, и коишто преставуваат комбинација од најсовремени производи, услуги и решенија, ви овозможуваат да ги постигнете зацртаните цели за подобрување на продуктивноста, соработката, безбедноста, усогласеноста и одржливоста.

## УПРАВУВАНИ УСЛУГИ ЗА ПЕЧАТЕЊЕ

- Подобрени услуги
- Основни услуги

## УРЕДИ СО ПОДДРШКА ЗА CLOUD

imageRUNNER ADVANCE DX

i-SENSYS

imageFORMULA

imagePRESS

imagePROGRAF

## РЕШЕНИЈА ЗА СОРАБОТКА ВО РАБОТНИОТ ПРОСТОР

- Решенија за автоматизирање на процесите
- Напредни решенија за снимање
- Решенија за поврзување со Cloud

Дијаграмот прикажан погоре го покажува начинот на заедничко функционирање на нашата технологија, вклучувајќи ги и нашите управувани услуги за печатење, решенијата за соработка во работниот простор и уредите со поддршка за Cloud.






# ЗОШТО CANON

**Canon е синоним за обработка на слики. Ова е нашиот начин да придонесеме за важни промени.**

За нашите клиенти коишто поминуваат низ дигитална трансформација и работат на нови начини.

За поширока општествена промена со постојан фокус на одржливоста како дел од нашето корпоративно наследство и култура.

Го менуваме и начинот на којшто инвестираме во нови пазари, производи и технологии и тука сме на долг рок и за доброто на сите, за клиентите, блиските и поширокото општество.

**Компанијата Canon е основана врз 4 столба:**

- **Иновација** – Долгогодишни заложби за иновација во полето на развој и обработка на слики коишто вродуваат со најсовремена технологија повеќе од 80 години. Пионери на револуционерната технологија и силна посветеност на иден развој на технологијата.
- **Поддршка** – Разновидно портфолио на услуги за обезбедување на врвен квалитет, а со тоа и задоволство на клиентите. Професионално знаење насочено кон подобрување на ефикасноста и остварување на потенцијалите на нашите клиенти.
- **Безбедност** – Решенијата и услугите на Canon ги заштитуваат сите документи и чувствителни податоци, без разлика дали се во хартиен или дигитален формат, во текот на целиот работен циклус на документите. Решенијата и услугите се создадени да овозможат безбедност.
- **Одржливост** – Canon ја усогласува својата пракса за одржливост со Целите за одржлив развој (SDG) на ОН, како што се заложбите за намалување на емисиите на CO2 во текот на работниот циклус на производот преку намалување на амбалажите и консолидација на центрите за дистрибуција.

**Canon е вистинскиот партнер за вас благодарение на комбинацијата од сите овие елементи.**



Обратете се кај локалниот претставник за продажба на Canon **сега**

За подетални спецификации околу серијата, **погледнете тука**


**Canon Inc.**
Canon.com

**Canon Europe**
canon-europe.com



Macedonian edition



© Canon Europa N.V., 2022



**Canon CEE GmbH Predstavništvo Beograd**
Omladinskih brigada 90v
11070 Novi Beograd
Srbija
Tel: +381 11 3533 480
canon.com.mk